РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
DREJTORIA PËR SIGURI NGA RREZATIMI
Бр.-Nr. 01-115/1
15.07 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Дирекција за радијациона сигурност**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ ЗА 2021 ГОДИНА

**Скопје, јули 2021 година**

## 1. ВОВЕД

Дирекцијата за радијациона сигурност (во натамошниот текст Дирекцијата), како орган на државната управа со надлежност во областа на заштитата од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност е формирана во 2005 година согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Во текот на своето постоење континуирано превзема активности во насока на постигнување на целите и приоритетите кои се поставени пред неа уште со донесувањето на првиот стратешки план 2008-2010 година.

### 1.1 Мисија на Дирекцијата

Согласно Стратешкиот план на Дирекцијата, утврдена мисија на Дирекцијата е воспоставување на ефикасен систем за контрола над сите извори на јонизирачко зрачење, обезбедување сигурно и безбедно управување и постапување со радиоактивен/нуклеарен материјал и радиоактивен отпад со цел заштита од изложеност на јонизирачко зрачење на населението, работно изложените лица и животната средина.

### 1.2 Визија на Дирекцијата

Обезбедување на највисок степен на радијациона заштита на населението, професионално изложените лица и животната средина во Република Северна Македонија согласно највисоките меѓународни стандарди.

### 1.3 Задачи и обврски на Дирекцијата

Дирекцијата ги врши следниве работи:

1) ја води постапката на пријавување, издавање на дозвола и контрола на изворите на јонизирачкото зрачење;

2) ги утврдува интервентните нивоа и условите за радијациона заштита и сигурност;

3) издава и одзема дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење;

4) презема интервенции во случај на вонреден настан;

5) ги утврдува изложувањата кои се исклучени со општ акт и изземањата на изворите на јонизирачкото зрачење со ниска активност пропишана со општ акт;

6) води Национален регистар на изворите на јонизирачкото зрачење и на професионално изложени лица, како и регистар за нуклеарен материјал;

7) врши надзор над стручната работа на правните лица кои работат со извори на јонизирачкото зрачење преку овластена стручна институција;

8) соработува со други органи на управата и институции во врска со работите што се во надлежност на Дирекцијата;

9) се грижи за обука на одговорни лица за радијациона заштита и на лицата кои работат со извори на јонизирачко зрачење;

10) иницира истражување во областа на заштитата од јонизирачко зрачење, на радијациона сигурност и нуклеарна безбедност;

11) воспоставува соодветен начин за информирање на населението во врска со заштитата од јонизирачкото зрачење;

12) ја утврдува висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци;

13) води евиденција и контрола на вкупниот нуклеарен материјал во Република Северна Македонија;

14) изработува План за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан во Република Северна Македонија;

15) заверува сертификати за присуство на радионуклиди во производите;

16) планира и спроведува меѓународна соработка во областа на јонизирачкото зрачење;

17) врши инспекциски надзор;

18) врши контрола над управувањето со радиоактивен отпад

19) врши контрола над транспортот на радиоактивни материјали и

20) врши и други работи во областа на заштитата од јонизирачкото зрачење.

### 1.4 Човечки ресурси

Внатрешната организација и систематизацијата на работните места во Дирекцијата се уредени со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за радијациона сигурност. Дирекцијата ја сочинуваат пет (5) одделенија и тоа: Одделение за управување со човечки ресурси; Одделение за финансиски прашања; Одделение за правни и општи работи, меѓународна соработка и европски интеграции; Одделение за дозволи/лиценци, мониторинг и вонредни настани и Одделение за инспекциски надзор. Секое одделение има утврдено свој делокруг на надлежност. Во Дирекцијата во моментот се вработени 9 државни службеници.

## 2. ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

### 2.1. Цели на годишниот план за спречување на корупција

Спроведувањето на Годишниот план треба да придонесе да се намали нивото на корупција, да се подобри интегритетот, транспарентноста и отчетноста во Дирекцијата, а со тоа да се обезбеди јавноста да има повисока доверба во работата на Дирекцијата.

Овој Годишен план има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки и активности кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата како главен стратешки приоритет и да оствари неколку цели со кои значително ќе се намалат проблемите и ризичните фактори за појава на корупција:

- зголемување на нивото на политичка одговорност и демонстрирана волја за борба против корупцијата;
- јакнење на интегритетот и отчетноста на раководството и вработените во Дирекцијата, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет;

- почитување на законските прописи, на Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, како и на Кодексот за административни службеници;
- спроведување на надлежностите на Дирекцијата на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин;
- проактивна транспарентност, зајакната контрола и надзор во јавните набавки и во склучувањето договори;
- јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето;
- подигнување на јавната свест и спроведување антикорупциска едукација за вработените и градење личен и професионален интегритет;
- зајакнување на довербата на граѓаните во институциите и мотивирање да пријават корупција.

## 2.2 Општи одредби

**Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси** ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/2019) се дефинирани поимите корупција и судир на интереси. Согласно законот:

Под **корупција** се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Поимот корупција, ги опфаќа и поимите на:

- **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Под **судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

## 2.3 Анализа на ризични области за корупција во рамките на делокругот на работење на Дирекцијата

При подготовката на Годишниот план појдовна основа е проценката на ризиците од корупција во Дирекцијата. При проценката се идентификувани следните хоризонтални области каде се генерираат силни ризици од корупција:

- **Постапки за спроведување на јавни набавки;**

Ризикот од појава на корупција е присутен во сите фази од постапката за јавна набавка, се до крајната реализација на истата. Од моментот на планирање и подготовка, при спроведување на постапката, при евалуација на понудите како најчувствителен дел во постапката кога критериумите за евалуација може да бидат премногу субјективни, па се до моментот на носење одлука и доделениот договор за јавна набавка. Бројни се ризиците при реализацијата на договорот, кога постои можност за најголеми злоупотреби, далеку од очите на јавноста со опасност од воспоставување на корупциска спрега помеѓу лицата задолжени за следење на реализација на договорот на штета на договорниот орган. Поради тоа, при спроведување на јавните набавки во Дирекцијата целосно ќе се применуваат позитивните законски прописи во областа, како и интерните процедури со цел постигнување на највисоко ниво на законитост и транспарентност во постапките за јавни набавки. Во таа насока од страна на раководното лице на Дирекцијата се назначува лице задолжено за следење на извршувањето на договорот, вршење на нарачките, вршење на квалитативен и квантитативен прием и сл. Одговорноста за превземање на конкретни дејства во постапките за јавни набавки е предвидена во интерната процедура за спроведување на јавните набавки во Дирекцијата која е донесена во насока на воспоставување на ефикасни механизми за јавни набавки кои ќе обезбедат одговорно однесување од страна на сите лица кои се вклучени во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

- **Вработувања во Дирекцијата;**

Вработувањата во Дирекцијата, како и во целиот јавен сектор претставува област (процес) која е директно поврзана со трошењето на јавни пари, но има силно влијание и врз понатамошното креирање или спроведување на јавните политики, што повлекува долгорочни последици врз целото општество. Врз вработувањата во Дирекцијата, како и во целокупниот јавен сектор може да има изразено политичко влијание и практикување на коруптивно однесување.

Критичните точки за корупција во областа (процесот) вработувања во јавниот сектор може да се сумираат на следниот начин:

- Предизвици што произлегуваат од правната и институционална рамка на вработувањата во јавниот сектор:
- Недоречености во правната регулатива кои оставаат многу простор за злоупотреби;
- Непостоечки/недоволно изградени системи за „мерење“ на компетенциите на кандидатите во постапката за вработување;

- Можност за користење на интервјуто и субјективните наоди на надлежниот орган како одлучувачки елементи при постапката за вработување во јавниот сектор;
- Ниска транспарентност на постапките за вработување и недоволно изграден/развиен систем за надзор над вработувањата со фокус само на формално-правната страна на постапките.
- Предизвици што произлегуваат од човечките фактори и процесот на вработувања во јавниот сектор:
- Силна подложност на политички влијанија кај лицата директно вклучени во постапките за вработувања во јавниот сектор;
- Формално спроведување на постапките за вработување и постапките за оценување на вработените во државната администрација и поширокиот јавен сектор;
- Честа злоупотреба на дискреционите права што законски се дадени во областа на вработувањата во јавниот сектор;
- Мала општествена средина која овозможува лесен и брз пристап до надлежниот орган, и оттаму, превземање на активности за влијание во постапките за вработувања во јавниот сектор.

Предизвици што произлегуваат од други надворешни влијанија врз процесот на вработувања во јавниот сектор:

- Проблеми во владеењето на правото што резултираат во ниска стапка на санкционирање на коруптивното однесување на ниво на општество;
- Политичко влијание врз кадровските политики во јавните институции (отворање и пополнување на работни места согласно партиски/политички потреби наместо реални потреби на институцијата);

Најчести форми на корупција кои може да се јават при вработувањата во јавниот сектор се:

- Злоупотреба на службената позиција
- Непотизам
- Кронизам
- Тргување со политичко влијание
- Поткуп

- **Инспекциски надзор;**

Критичните точки за корупција во областа (процесот) на инспекцискиот надзор може да се сумираат на следниот начин:

- Предизвици што произлегуваат од правната и институционална рамка за инспекциски надзор:
- Неусогласенот помеѓу основниот закон за инспекциски надзор и секторските закони;
- Несоодветни услови за квалитетно и непречено извршување на инспекцискиот надзор (материјални, финансиски, кадровски и други ограничувања);

- Недоволно изграден/развиен систем за контрола на процесот на спроведување на инспекцискиот надзор и неконзистентна пракса на санкционирање на злоупотребите на службената позиција и судирот на интереси.

Предизвици што произлегуваат од човечките фактори и процесот на инспекциски надзор

- Човечкиот фактор (инспекторот) има целосна контрола врз процесот на инспекциски надзор што остава можност за коруптивно однесување;
- Самостојното вршење на инспекцискиот надвор од страна на еден инспектор отвора простор за полесно „нудење" на корупција од страна на субјектот што е предмет на надзорот.

Предизвици што произлегуваат од други надворешни влијанија врз системот на инспекциски надзор:

- Проблеми во владеењето на правото што резултираат во ниска стапка на санкционирање на коруптивното однесување на ниво на општество;
- Наметнување на политичко влијание при инспекцискиот надзор при изборот на субјекти за надзор и при изрекувањето на казни;
- Наметнување на влијанието/моќта на приватниот/граѓанскиот сектор врз процесите на инспекциски надзор.

Најчести форми на корупција кои може да се јават при инспекцискиот надзор се:

- Злоупотреба на службената позиција
- Подароци
- Поткуп
- Изнудување
- Судир на интереси

- **Издавање на лиценци и дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење од страна на Дирекцијата;**

Издавањето на лиценци и дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење се широка област во која постои ризик од коруптивно однесување заради непосредната интеракција на вработените од Одделението за дозволи/лиценци, мониторинг и вонредни настани од Дирекцијата со приватниот сектор која се врши со цел да се добие лиценца или дозвола која е важна за барателот на документот како услов за започнување на вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

Предизвици кои може да се појават во процесот на издавањето на лиценци и дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и кои може да доведат до појава на корупција се:

- Недоречености во правната регулатива кои создаваат можности за различно толкување на условите и потребните документи за издавање на лиценци и дозволи од страна на различни лица во Дирекцијата;

- Примена на субјективен пристап и различно толкување на условите и потребните документи за издавање на лиценци и дозволи од страна на различни лица во Дирекцијата;
- Наметнување на контактот помеѓу барателите на определен документ и Дирекцијата (лица) како неопходен од самиот почеток на постапката заради непостоење на електронски формат на обрасците и можност за електронско спроведување на постапката. Исклучок има кај едношалтерскиот систем при регистрирање на нови деловни субјекти и издавање на дозволи за увоз/извоз (EXIM). Неопходноста од личен контакт создава околина за коруптивно однесување;
- Примена на субјективен пристап и фаворизирање на определени субјекти при постапките за издавање на лиценци и дозволи, а застој кај други.

Најчести форми на корупција кои може да се јават во постапките на издавањето на лиценци и дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење се:

- Злоупотреба на службената позиција
- Подароци
- Поткуп
- Изнудување
- Судир на интереси
- Тргување со политичко влијание
- Откривање на класифицирани информации заради лична корист

### 2.4 Воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области

- **Постапки за спроведување на јавни набавки**

Во насока на надминување на утврдените слабости и зголемување на квалитетот на спроведените постапки за јавни набавки потребно е зајакнување на човечките ресурси во Дирекцијата со квалификувани и обучени кадри за спроведување на постапките за јавни набавки. Во истата насока е и доследното спроведување на одредбите од позитивното законодавство кое се однесува на јавните набавки, како и на интерните процедури пропишани во Дирекцијата.

- **Вработувања во Дирекцијата**

Во насока на надминување на утврдените слабости е потребно доследното спроведување на одредбите од позитивното законодавство кое се однесува на вработувањата во државната служба.

- **Инспекциски надзор**

Во областа на спроведување на инспекцискиот надзор од страна на инспекторите за радијациона сигурност е потребно зголемување на капацитетите и ресурсите на Дирекцијата во Одделението за инспекциски надзор и воведување на нови и ефикасни

алатки во насока на подобрување на спроведувањето на инспекцискиот надзор. Сето тоа наметнува потреба од зајакнување на финансиските, материјалните и човечките ресурси, како и интегритетот на вработените во Дирекцијата во целост, а со тоа и на вработените во Одделението за инспекциски надзор.

- **Издавање на лиценци и дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење од страна на Дирекцијата**

Во областа на издавање на лиценци и дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење од страна на Дирекцијата е потребно зголемување на капацитетите и ресурсите на Одделението за дозволи/лиценци, мониторинг и вонредни настани и воведување на нови и ефикасни алатки во насока на подобрување на издавање на лиценци и дозволи за вршење на дејност. Сето тоа наметнува потреба од зајакнување на финансиските, материјалните и човечките ресурси, како и интегритетот на вработените во Дирекцијата во целост, а со тоа и на вработените во Одделението за дозволи/лиценци, мониторинг и вонредни настани. Неопходно е зајакнување на материјалните капацитети со софтверско решение за водење на националниот регистар на изворите за јонизирачко зрачење на територијата на државата.

## 2.5 Јакнење на капацитетите на Дирекцијата со посебен аспект на јакнење на интегритетот на вработените во Дирекцијата

Во рамките на организационата структура во Дирекцијата, директорот и раководните структури се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за негова промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на сите вработени.

Директорот и сите вработени во Дирекцијата се должни да го пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за кои дознало во вршењето на својата должност, како и наводи или сомнежи за незаконско однесување или повреди на кодексот. Исто така се должни да пријават и доколку од нив се побара да постапат спротивно на Уставот, закон, кодекс или друг пропис.

Дирекцијата има назначено лице за внатрешно пријавување до кое може да се поднесат пријави за било какво корупциско однесување од страна на вработените.

За прекршување на стандардите за интегритет се поведуваат дисциплински, прекршочни или кривични постапки за утврдување одговорност во согласност со закон.

## 2.6 Навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица

Во насока на обезбедување на квалитетна услуга од страна на Дирекцијата за правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење е потребно соодветно и

доследно спроведување на роковите утврдени согласно позитивните законски одредби кои се однесуваат на водењето на управната постапка.

### 2.7 Почитување на законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, како и Кодексот за административни службеници

Како и досега, така и во иднина вработените во Дирекцијата во целост ќе ги почитуваат законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, како и Кодексот за административни службеници.

Вработените во Одделението за човечки ресурси задолжително и навремено ги информираат вработените во Дирекцијата за етичките стандарди и правила на однесување предвидени во законските прописи, Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, како и Кодексот за административни службеници.

Во случај на отстапување од пропишаните правила и норми истите подлежат на соодветна одговорност.

### 2.8 Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција

Дирекцијата е целосно транспарентна во вршењето на своите доделени надлежности согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Дирекцијата одржува своја веб страна на која објавува информации од своето работење и информации кои се од интерес на граѓаните. Согласно позитивното законодавство има назначено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер кое е објавено на веб странатa и до кое може да се поднесе барање за информации од јавен карактер од делокругот на работа на Дирекцијата. Во насока на зголемување на довербата на граѓаните во работата на Дирекцијата се воспоставува систем за намалување на корупцијата, подобрување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста. Сите овие фактори ќе придонесат во зајакнување на довербата на граѓаните во работата на Дирекцијата.

### 2.9 Зајакната контрола и надзор на јавните набавки

Постапките за јавни набавки од страна на Дирекцијата се спроведуваат согласно позитивните законски прописи од областа на јавните набавки со користење на Електронскиот систем за јавни набавки со почитување на принципот на транспарентност. Договорите согласно законските одредби се објавуваат на веб страната на Дирекцијата.

Дирекцијата како единка корисник ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со буџетските средства. Притоа ќе се посвети соодветно

внимание на анализата на уреденоста на постапките за јавни набавки и анализа на евентуални недоречености и пропусти во процесот на нивното спроведување.

Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со буџетските средства на Дирекцијата. Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни активности и стандарди во борбата против корупцијата.

Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на: еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти; транспарентноста која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари. Оттука неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика. Потребна е зајакната контрола и надзорот над спроведувањето на договорите за јавни набавки.

## 2.10 Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и соработка во борбата против корупцијата преку платформата Интероперабилност

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компаниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, фомат и структура на податоците.

Непречениот проток на информациите преку платформата за интеропреабилност го намалува времето потребно за пренос на информациите помеѓу институции, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои им се нудат. Во таа насока и имајќи ги предвид позитивните страни кои ги нуди овој систем е потребно анализа на законската рамка и потребата од ставање во функција на системот за Интероперабилност во Дирекцијата со цел размена на податоци со институциите со кои соработува со што ќе се овозможи електронска размена на податоци кои се од значење за извршување на функциите на Дирекцијата и подобрување на квалитетот во спроведување на нејзините надлежности, економичноста и ефикасноста.

### 2.11. Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на Дирекцијата

Дирекцијата е целосно транспарентна во вршењето на своите доделени надлежности согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Дирекцијата одржува своја веб страна на која објавува информации од своето работење и информации кои се од интерес на граѓаните. Согласно позитивното законодавство има назначено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер кое е објавено на веб страната и до кое може да се поднесе барање за информации од јавен карактер од делокругот на работа на Дирекцијата.

По донесувањето на Годишниот план за спречување на корупција во Дирекцијата за радијациона сигурност за 2021 година, истиот ќе биде објавен на веб страната на Дирекцијата.

Бр. 01-115/1

Датум: 15.07.2021 година

Директор

Светислав Ѓорѓевиќ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ
DREJTORIA PËR SIGURI NGA RREZATIMI
Скопје - Shkup